**20080350550**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДОВИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 март 2008 година.

Бр. 07-1271/1
11 март 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДОВИТЕ**

Член 1

Во Законот за судовите (“Службен весник на Република Македонија” број 58/2006), во членот 31 став (2) алинејата 3 се брише.

Член 2

Во членот 32 ставот (1) се менува и гласи:

“(1) Во Основниот суд Скопје I - Скопје се формира специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција за целата територија на Република Македонија. Специјализираното судско одделение е надлежно да суди за:

- кривични дела извршени од структурирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, со намера директно или индиректно да се стекне со финансиска или друга корист,
- кривични дела извршени од структурирана група или злосторничка организација на територијата на Република Македонија или други држави или кога кривичното дело е подготвено или планирано во Република Македонија или во друга држава,
- кривични дела злоупотреба на службена положба и овластување од членот 353 став 5, примање на поткуп од значителна вредност од членот 357 и противзаконито посредување од членот 359 сите од Кривичниот законик, извршени од избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во правно лице и

- кривични дела неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супсанции и прекурсори од членот 215 став 2, перење пари и други приноси од казниво дело од значителна вредност од членот 273, терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од членот 313, давање поткуп од поголема вредност од членот 358, незаконито влијание врз сведоци од членот 368-а, злосторничко здружување од членот 394, терористичка организација од членот 394-а, тероризам од членот 394-б, кривични дела трговија со луѓе од членот 418-а, кривични дела криумчарење со мигранти од членот 418-б, трговија со малолетно лице од членот 418-г и за другите кривични дела против човечноста и меѓународното право од Кривичниот законик, независно од бројот на сторителите."

Ставот (2) се менува и гласи:

" (2) Основните судови во Битола, Тетово, Скопје II - Скопје и Штип се надлежни за водење на судски регистар за политички партии и тоа Основниот суд во Битола за подрачјето на Апелациониот суд Битола, Основниот суд Тетово за подрачјето на Апелациониот суд Гостивар, Основниот суд Скопје II - Скопје за подрачјето на Апелациониот суд Скопје и Основниот суд Штип за подрачјето на Апелациониот суд Штип, а Основниот суд Скопје II - Скопје за водење единствен судски регистар на политичките партии врз основа на податоците добиени од надлежните судови."

Член 3

Во членот 35 став (1) точка 6 по зборовите: "Република Македонија" се додаваат зборовите: "во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права".

Член 4

Во членот 36 став (1) зборовите: "непосредно повисокиот суд" се заменуваат со зборовите: "Врховниот суд на Република Македонија".

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

"(2) Барањето од ставот (1) на овој член странката може да го поднесе во текот на постапувањата пред домашните судови, а најдоцна шест месеца сметано од денот на правосилноста на одлуката.

(3) Барањето од ставот (1) на овој член содржи:

- податоци за подносителот на барањето и правниот застапник,
- податоци за предметот и постапката за која странката смета дека ја сторила повредата на правото за судење во разумен рок,
- образложение на причините за наводно сторената повреда на правото за судење во разумен рок;
- изјава за побарување на правичен надомест и
- потпис на подносителот на барањето."

Ставот (2) кој станува став (4) се менува и гласи:

"(4) Врховниот суд на Република Македонија постапува по барањето кое ги исполнува критериумите утврдени во ставовите (2) и (3) на овој член во рок од шест месеца од неговото поднесување и одлучува дали понискиот суд го повредил правото за судење во разумен рок, притоа имајќи ги предвид правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи, а особено сложеноста на предметот, однесувањето на странките во постапката и однесувањето на судот кој постапувал."

Ставот (3) кој станува став (5) се менува и гласи:

“(5) Ако Врховниот суд утврди повреда на правото за судење во разумен рок со решението ќе определи рок во којшто судот, пред кого постапката е во тек, мора да одлучи за правото, обврската или кривичната одговорност на подносителот на барањето и ќе досуди правичен надоместок за поднесителот на барањето заради повреда на неговото право за судење во разумен рок.“

Во ставот (4) кој станува став (6) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: “и се исплатува во рок од три месеца од денот на правосилноста на решението на Врховниот суд“.

Член 5

По членот 36 се додава нов член 36-а, кој гласи:

“Член 36-а

(1) По приемот на барањето од членот 36 став (1) на овој закон Врховниот суд на Република Македонија веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена ќе побара од првостепениот суд да достави препис на списите од предметното досие, а по потреба и изјаснување од повисокиот суд за времетраење на постапката пред него.

(2) Врховниот суд на Република Македонија по барањето од членот 36 став (1) на овој закон одлучува во совет од тројца судии на нејавна седница, но по исклучок судот може да одлучи да ги сослуша подносителот на барањето и претставникот на судот чија постапка е предмет на поднесеното барање.

(3) Против решението на советот на Врховниот суд на Република Македонија, незадоволната страна има право во рок од осум дена сметано од денот на приемот на решението да поднесе жалба до Врховниот суд, кој одлучува по истата согласно со членот 35 став (1) точка 1 од овој закон.“

Член 6

Членот 46 се менува и гласи:

”(1) Посебни услови за избор на судија се:

- за судија на основен суд може да биде избрано лице кое ја завршило обуката во Академијата за обука на судии и јавни обвинители,
- за судија на апелационен суд може да биде избрано лице кое има пет години работно искуство на правни работи по положен правосуден испит,
- за судија на Управниот суд може да биде избрано лице кое има пет години работно искуство по положен правосуден испит, на правни работи, или е универзитетски професор од областа на правото со научен степен доктор на правни науки и
- за судија на Врховниот суд на Република Македонија може да биде избрано лице кое има осум години работно искуство со потврдени резултати на правни работи по положен правосуден испит.

(2) За судија на Врховниот суд на Република Македонија може да биде избран и редовен или вонреден универзитетски професор кој предавал повеќе од десет години правен предмет сврзан со судската практика.”

Член 7

Во членот 126 ставот (1) се менува и гласи:

”До првото стекнување на својство на кандидати за судии согласно со Законот за Академијата за обука на судии и јавни обвинители, судиите на основните судови ќе се избираат согласно со условите од членот 43 став (1) на Законот за судовите (”Службен весник на Република Македонија” број 36/95, 45/95 и 64/2003) и да имаат работно искуство со потврдени резултати на правни работи по полагањето на правосудниот испит над три години.”

Во ставот (2) зборовите: ”членот 43 ставови (1) и (2) од Законот за судовите (”Службен весник на Република Македонија” број 36/95, 45/95 и 64/2003)” се заменуваат со зборовите: ”ставот 1 на овој член”.

Член 8

Во членот 127 зборовите: ”ставови (1) и (2)” се заменуваат со зборовите: ”став (1)”.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.